23284

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-601-3289.

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје

7. IV. 1977

ВО МАЈ И ЈУНИ ГОДИНАВА

# Изложба на југословенската уметност во Атина

Во организација на **Музејот на современата уметност** од Скопје, а во рамките на меѓудржавниот договор за културна соработка меѓу СФРЈ и Грција, од 9 мај до 12 јуни годинава, во Уметничката галерија **„Пинакотената"** во Атина, ќе биде презентирана **изложба на современата југословенска ликовна уметност** на која ќе бидат застапени 132 слики, скулптури, графики и таписерии од 103 уметници.

На изложбата, чиј комесар е **Соња Абаџиева — Димитровска**, директор на Музејот на современата уметност во Скопје, меѓу другото, ќе бидат застапени и творби од истакнати современи југословенски ликовни уметници: **Хегедушиќ, Келиќ, Србиновиќ, Ѓуриќ, Величковиќ, Џамоња, Лого, Срнец, Пицељ, Дебењак, Ротар, Фери, Емра, Бербер, Грабулоски, Хаџи-Бошков, Шијак, Куновски, Анастасов, Перчинков и други.**